**УДК: 364-32:17.026.1(497.7-22)**

**Татјана Ѓорѓиоска (Северна Македонија)**
**Музеј на град Скопје, Скопје**
**е–пошта: tatjanagj@gmail.com**

# ЗАЕМНАТА ПОМОШ И ДРУГИ ФОРМИ НА ЗАЕДНИЧКИ ТРУД КАКО МАНИФЕСТАЦИИ НА СОЛИДАРНОСТ ВО МАКЕДОНСКАТА ТРАДИЦИСКА КУЛТУРА НА СЕЛО

**Апстракт**: „Заемна помош" е народен обичај на здружена доброволна работа, кој претставува важна одлика на селото како општествена и економска заедница во Македонија. Заемната помош била доброволна, а се потпирала врз принципот на земност на работните услуги. Трудот опфаќа приказ на традиционалните форми на обичајна помош и динамиките на промена, преку податоци добиени од теренски истражувања[1] и преку веќе постојните во етнографската литература.

**Клучни зборови**: заемна помош, солидарност, аргати на помош.

Солидарноста како поим се однесува на единство и заемна поддршка или помош меѓу поединци и групи, особено во тешки животни ситуации. Во социјалните односи може да се дефинира како чувство на заемност и темел на заемно помагање меѓу луѓето, поради што солидарноста се смета како една од основните вредности на доброфункционирачките општества.

Со поимот солидарност се занимаваат општествените науки, особено социологијата, каде што основните теории за солидарност ги поставил Емил Диркем. Според Диркем, солидарноста е морална појава (Диркем 1972: 105) со која се изразува општиот став на хуманост, а различните облици на солидарност врз кои се изградени одделни општества се поврзани со различни облици на општествена свест. Диркем ги спротивставува механичката и органската солидарност. Механичката солидарност го поврзува поединецот со општеството непосредно; тоа општество е збир на повеќе или помалку организирани верувања и чувства заеднички за сите членови на групата. Овој вид солидарност одговара на општества со систем на еднородни и слични сегменти. Во органската солидарност, која ја создава поделбата на трудот, поединците се разликуваат по сопственото поле на дејствување. Со зголемување на поделбата на работата во општеството се зголемува и зависноста на поединецот од општеството, но, од друга страна, активноста на секого е толку повеќе

1 Истражувањата се спроведени во 1998 година и во 2023 година.

лична колку што е поспецијализирана (Диркем 1972: 160–161). „Во општество во кое доминира органска солидарност поединците не се групираат според нивните односи со потомството, туку според посебноста на природата на општествените дејности на кои им се посветени“ (Диркем 1972: 203). Стојановиќ-Лафазановска ја интерпретира формулацијата на Диркем за механичка и органска солидарност на следниов начин: „селскиот живот претставува единство на вредности и визии, луѓето живеат во една колективна свест и механичка солидарност, заедница која се разликува во сегменти составени од сроднички групи, што не е карактеристика за градот, каде густината на населеноста бара специјализирани активности, што го менува единството создадено од заедничкото искуство и на негово место гради функционална независност меѓу луѓето зафатени со специјализирани дејности“ (Стојановиќ 2012: 291).

Солидарноста како социјална практика била еден од фундаменталните фактори на социјална кохезија на македонските села. Силниот дух на заедништво на македонските селани им гарантирал сигурност и солидарност во тешките животни прилики.

Еден од најраспространетите традиционални облици на солидарност во селото како економска, општествена и обредна заедница на селаните била *заедничката работа*, односно заемната помош. За извршување на заедничките селски работи се повикувале селаните „на кулук“ (тур. kulluk)[2]. На кулук свикувал старешината на селскиот собир, за копање јазови за наводнување, за косење *утрина*, за поправка на патишта и на објекти од заедничкиот селски имот. Во овој труд ќе се задржам на заемната помош како облик на солидарност кај Македонците.

**Терминологија за заемна помош**

Народниот обичај на здружена доброволна работа се сретнувал кај повеќе балкански народи, најчесто под називот *моба* (од ст.сл. мольба, од глаголот *молити*[3]). Моба претставувала „собир на лица што доброволно се собираат за да му помогнат некому во извршувањето на одделни работи, бесплатно и без задолжителен надомест“ (Влајинац 1929: 21). Во Македонија овој вид народен обичај на меѓусебно помагање во работата едноставно се нарекувал „помош“

2 Според толкувањето на Толе Белчев, кулук е принудна бесплатна работа, тешка, здодевна работа за друг (Белчев 2016: 101).

3 Толкување од Речникот на хрватскиот јазик (Iveković, Broz 1901: 699); Првослав Радиќ го толкува зборот моба со зборот молба во говорот на селото Мрче во областа Куршумлија, Србија (Радић 1990: 54); Влајинац истакнува дека називот моба е во голема мерка зачуван и во првобитниот облик како молба, особено во тимочкиот, нишкиот, крушевачкиот крај. На првобитниот назив (молба) одговара и називот мољба, кој е за тој обичај зачуван во постарите пишани споменици, како, на пример, во песна од 1720 година (Влајинац 1929: 19–20).

(*помоќ* – Скопско[4], *пумагајне* – Гевгелиско[5]), „на спомок“ во Струшки Дримкол[6], *ангарија* во Малешево, *тлока* во Поречието (Обрембски 2002: 25) или, како што забележал М. Константинов, „описно и поконкретно ’на берење сено‘, ’на нижење тутун‘, ’на режење лозје‘“ (Константинов 1992: 539).

Во селата во Скопската Котлина, за луѓето што учествувале *на помоќ* ја користеле истата терминологија како и за надничарите, односно *аргати*, *аргати на помоќ* (Филиповић 1939: 341).

## Кога се повикува *на помош*, основни принципи

*На помош* се одело кај оние што сами не можеле да извршат итни работи поради недостиг од работна сила во фамилијата. *На помош* оделе роднини и соседи на оној што ја договара помошта. Учеството во овој вид обичај било доброволно, а се потпирало врз принципот на заемност на работните услуги[7] – тие што не се одзивале на повикот немале право да бараат помош од оној што го одбиле. Сиромашните, вдовиците, болните и оние што се нашле во неволја (на пример, им изгорел имот) немале обврска да ја вратат работата[8]. Помошта се договарала однапред. Еден информатор кажува дека во скопското село Горно Соње „одвечер еден човек *протуѓер* одел по куќи да собере доволно работници“[9].

4 За обичајот моба обично се вика: *помоќ*, односно *на помоќ* (во Таор, Ибрахимово, Блаце, Александрово, Бујковци, Чучер, Љубанци, Романовце), *аргати на помоќ* (во Глуово, Брезица, Кучково). Во Катланово и Градоманци велат *умолба*, *молба* (Филиповић 1939: 341). Истиот поим *на помоќ* го користеа и информатори во селата Текија, Ајватовце и Црешево (Скопско); сопствени теренски истражувања од 15. и 30.9.1998 година.

5 Стеван Тановиќ при истражувањата во Гевгелиско забележува дека на помош – „пумагајне“ – оделе само кај сиромашните на празник или во недела, за што домаќинот ги наградувал со ручек и вечера. Кај другите, заемната помош се сретнува во форма на позајмување работа (*на заим*). Домаќинот бил обврзан на секого да му ја врати помошта, а доколку не е во можност, му плаќал во пари во висина на вообичаена надница. Ова наплатување на должни надници во пари воопшто не одговара на духот на заемот (*заим*) затоа што заеми се склопувале токму поради потребата да се избегнат плаќања на наемници (Тановић 1927: 327, 397).

6 Податок добиен од проф. д-р Мирјана Мирчевска во 2023 година.

7 За принципот на заемност на работата и при обичајот моба кај другите балкански народи пишува Милан Влајинац, кој за тоа истакнува: „Кога всушност станува збор за обичајот моба, може да се каже дека почива на заемни работни услуги. Како општо правило важи: на кого му се работи со моба, тој треба со моба и да одработи“ (Влајинац 1929: 306).

8 Во Малешево, сиромашните и инокосните добивале помош „ангарија“, која била милосрдна, а се помагало во жнеење, копање, влечење за градба на куќа (ова се правело и на богати), косење и сл. На ангарија се давало вечера затоа што учесниците доаѓале на работа од пладне (по завршување на нивните работи м.з.). За ова види: Павловић 1928: 269.

9 Информатор Иван Ивановски, роден 1930 година во Горно Соње. Сопствени теренски истражувања од 15.9.1998 г

Секој учесник повикан на помош доаѓал на договореното место навреме, носејќи сопствен алат за извршување на работата. Учесниците доаѓале во „свечено руво“ (во селата во Скопска Котлина[10]) и вообичаено биле добро расположени затоа што знаеле дека заедно полесно ги извршувале работите со убаво дружење и песни, а домаќинот ќе ги нагости со добар оброк.

**Работи што се извршувале со заемна помош**

На помош се повикувало за завршување полски работи, каде што и бројот на учесниците бил најголем, како на пример за жнеење жито, косење ливада, копање, берење и лупење пченка, но и за други потешки работи – сечење дрва, копање и берење грозје, нижење тутун, градење куќа и слично. Од природата на работата зависело дали на помош ќе одат само мажи или заедно со жените ќе ја завршат работата.

Жетвата, како пообемна работа, вообичаено се завршувала со помош на соселаните („со аргати“ во Скопско), при што се собирале во голем број машки и женски жетвари од различни возрасти. Жетвата се одвивала во весела атмосфера – за ова сведочат и жетварските песни што се пееле при работата. М. Филиповиќ истакнал дека во селата во Скопската Котлина постоело и натпреварување во брзина на жнеењето; „кој прв дојде до крајот на нивата се вика постаџија, и тој е обично машко, а *на опашија* е некоја постара жена“. На *аргатите* им се давал богат ручек. Честењето на работниците имало важна улога за потврдување на гостопримството на домаќинот и за зацврстување на заемната врска меѓу него и тие што дошле на помош. За да разбереме колку било важно добро да се нагостат *аргатите*, може да ни послужи искажувањето на една информаторка од село Ајватовци, Скопско: *За жетварите 5-6 жени колеле овца и спремале ручек кој им го носеле на нива*[11]. При жетвата се почитувале низа обичаи што обезбедувале успешна работа, заштита на собраниот род и добар род следната година. Некои од вообичаените обичаи биле домаќинот прв да ја започне жетвата, српот да не се подава од рака в рака да не се пренесе „мрза“, а пред завршувањето на жетвата, секогаш се правела „брада“[12] од последната китка класје. Таа се закитувала со босилок и цвеќе, срповите се ставале околу неа, по што класјето се подврзувале и се отсекувале[13]. Еден информатор од

10 Миленко Филиповиќ вака ги опишал учесниците што одат „на помош“ во селата во Скопската Котлина (Филиповић 1939: 341).

11 Соговорничка родена 1930 година во село Ајватовце. Сопствени теренски истражувања од 30.9.1998 година; во Горно Соње на нива се носело за ручек обично грав, а за вечера – печени зелници и погачи. Соговорничка родена 1942 година во Горно Соње. Сопствени теренски истражувања од 15.9.1998 година.

12 Во Скопска Црна Гора од класјата што останувале на нива најмладата жетварка исплетува „лесарка“, која се чувала закачена на чардакот од куќата на домаќинот на нивата до три години. За ова повеќе во: Петровић 1907: 432.

13 За обичаите околу жетва повеќе во: Филиповић 1939: 492–493.

селото Текија, Скопско, кажува: *еден од семејството чија нива се жнеела ја зема брадата и ја носи дома, притоа по патот не прозборувајќи со никого. Кога ќе влезе во дворот, ја оставал брадата со српoвите во амбарот*[14].

Вршидбата исто така се завршувала со заемна помош. Сопствените теренски истражувања покажуваат дека во минатото, пред социјалистичкиот период, покрај помошта од работна рака, соседите им позајмувале коњи на оние чие жито се вршело (с. Ајватовци, Скопско)[15]. Една информаторка од скопското село Текија кажува дека за вршидба се одело од куќа в куќа за собирање „аргати" за *помоќ* при вршидба. Вршидбата се изведувала по ред кај секое домаќинство со помоќ. По Втората светска војна, со формирање на задругите, се изнајмувала вршачка од земјоделската задруга со што им била олеснета работата, но солидарноста на селаните во држењето на редот не се нарушила. Во новите услови, вршидбата се изведувала по ред во секоја куќа во селото. *Вршилицата ја кителе со цвеќе кога се одело на првата вршидба во сезоната. Селаните оделе со песна:*

Сл'нце ми е застанало на сред небо
*Па ми гледа чудно чудо по аргата*
Како сестра брата препродава,
Сјајно гледало,
До пладне га е продавала
А од пладне на гости поканила.
А брат на сестру тихо одговара:
*„Не доаѓам сестро*
Додека врба грозје не роди"[16].

Со заемна помош се извршувало и копањето (во Скопска Котлина)[17], берењето и лупењето пченка (во Охридско, во Гевгелиско)[18].

14 Соговорничка родена 1925 година во село Текија (Скопско). Сопствени теренски истражувања од 30.9.1998 година.

15 Соговорничка родена 1930 година во село Ајватовци (Скопско). Сопствени теренски истражувања од 30.9.1998 година.

16 Соговорничка родена во село Текија. Сопствени теренски истражувања од 30.9.1998 година.

17 Филиповић 1939: 341. При теренските истражувања во скопските села есента 1998 година добив податоци за копање пченка со помош од соседите и роднините: во село Горно Соње, соговорничка родена 1942 година; во село Црешево, соговорничка по потекло од Радишани, мажена во Црешево во 1938 година. Сопствени теренски истражувања од 15.9.1998 година.

18 Во Охрид лупењето пченка (белење кукуруз) наесен се завршувало со женска заемна помош. Според Шапкарев: „навечер се собираат моми и на белење кукуруз и 'цели ноќи лупејќи пеат песни'. Домаќинката сите ги гоштева со вечера, варена пченка, грозје и какви и да има други овоштија" (Шапкарев 1976: 140). Подетални информации за помош околу берењето и лупењето пченка во Гевгелиско дознаваме од С. Тановиќ (Тановић 1927: 347).

При обработка на лозје, *помош* се договарала за сите фази од работата: за копање лозје (во селата во Скопско)[19], за садење ново лозје[20], за берење грозје. Гроздоберот се одвивал со заемна помош кај оние што имале поголемо лозје и сами не можеле да го соберат грозјето. Во скопското село Текија на гроздобер оделе доброволно и мажи и жени, соседи и роднини на сопственикот на лозјето. Домаќинот обезбедувал добар ручек за берачите, обично чорба, печено месо, пијалак. По завршувањето на работата, берачите добивале по една крошна грозје како награда[21]. Тоа зависело од желбата на домаќинот, а не било востановено како договорен надомест со учесниците на гроздоберот. Грозјето како основна суровина за изработка на вино било важен сегмент од руралната економија. За важната улога на виното, кое е присутно и во секојдневниот и во ритуалниот живот на православните христијани, зборува и обичајот за плаќање со вино на дневни работници во рурална Молдавија. Обичајот заживеал повторно во раните 2000-ти, како одговор на економските тешкотии при приватизацијата на земјоделската земја. Ревитализацијата на традиционалните форми на размена на трудот, каде што работникот може да очекува да добие еквивалентна помош во иднина, се поретки наспроти формата на платен труд „со вино“. Плаќањето со вино симболизира меѓузависност на домаќинствата, што е вкоренето во меѓусебното почитување. Поединците или домаќинствата во селата што „работат за вино“ се социјално и економски маргинални, но тие создаваат и одржуваат општествени односи со куќите за кои работат. Руралната економија на Молдавија е „куќната економија“ во која еден од главните показатели за социјалната положба на куќата е домашната резерва на вино, која може да се употреби и како стока и како валута. Плаќањето во вино на работниците кај кои е очигледен недостигот на материјална благосостојба го подобрува нивното чувство на еднаквост во селскиот живот[22] (Cash 2015: 37–40).

При извршувањето на потешките работи со заемна помош учествувале само мажи. Тука спаѓа собирањето дрва за огрев. Во Малешево „на ангарија“ се одело по цел ден само тогаш кога се одело в планина по дрва (Павловиќ 1928: 269). Во скопско Ајватовци *на помоќ* за собирање дрва обично доаѓале соседите

19 Види Филиповић 1939: 341. Во село Булачани (Скопско) за копање лозје викале *аргати на помоќ*, кои доаѓале со сопствени алатки, а им се враќало со помош кога ним им требало за работа. Соговорничка родена во Булачани. Сопствени теренски истражувања од 15.9.1998 година.

20 Шапкарев за заемната помош *на сад* во Охрид забележал: *Кога некој домаќин има да посади ново лозје, собира работници не со плата, туку ги свикува роднините и пријателите, кои го посадуваат бесплатно, но ги гоштаваат и појат преку целиот ден со изобилни пиења, а на вечерата им даваат гозба, со веселби и песни, свирења и ора, како на свадба* (Шапкарев 1976: 141).

21 Соговорничка родена во село Текија. Сопствени теренски истражувања од 30.9.1998 година.

22 Кеш истражувала во село Раскаец во 2009 – 2010 година. Таа истакнува дека: „Плаќањата со вино ги воведуваат извонредните значења на виното и неговата употреба во други ритуални поставки во доменот на економијата, и ваквите плаќања се овозможени со равенки на еквиваленција меѓу трудот, готовината и виното“. Види: Cash 2015: 31–51.

со сопствени волови и коли за довлекување дрва „од коријата“[23]. Посебна помош претставувало влечењето „бука“ – издлабен голем трупец за спроведување вода на воденица. Буката се влечела со запрежна кола, но се повикувале селаните за помош при товарење, симнување и местење на буката[24].

Во сточарските дејности *на помош* се повикува при стрижење на овците. Во Малешево *стриг* на овците се прави пред Спасовден, кога кај трлото два-тројца соседи ги собирале овците и *на помош* повикувале *стрижачи*, кои за својата работа потоа биле почестени со богат ручек[25]. Во Кумановско стрижачи се повикувале по ред „денес кај еден, утре кај друг домаќин“ (Влајинац 1929: 37). Во селата во Скопска Котлина „’стригачите’ се соседи и пријатели што доаѓаат еден кај друг наизменично“ (Филиповић 1939: 487).

Покрај бројните наведени примери во кои се истакнува солидарноста во селото како економска заедница при завршување на земјоделски работи, според примери во литературата, а и според сознанијата од теренските истражувања, заемната помош најчесто е застапена при градење куќа[26]. Во врска со тоа, Милош Константинов истакнува дека „*еден број на зградите по селата беше плод на заедничка работа*“ (Константинов 1992: 540). Помошта, пред сѐ, се состоела во собирање и довлекување граѓа за куќата, како камења, греди и слично. Соговорничка од село Црешево памети дека за изградбата на нивната куќа во 50-тите години на минатиот век добиле 12 запрежни коли со греди за куќата[27]. Помошта при градење куќа како форма на традиционална солидарност најдолго опстанала. Така, во село Текија, Скопско, во втората половина на 20 век, *аргати* помагале и при одредени фази на градбата, за „турање на плоча“ и кревање на чатијата. При „турањето на плоча“, *аргатите* си додавале полна кофа со бетон од рака в рака, со што работата се завршувала за еден ден. За работата од газдата добивале трипати „обед“. При дигање на чатијата, соседите на *аргатите* имноселе подароци – *бакшиш*. Кога ќе се дигне чатијата, главниот мајстор се качувал на најгорниот дел од чатијата и извикувал благослови за домаќинот и за сите што донесле дарови[28]. Еден информатор од село

23 Соговорничка родена 1930 година во село Ајватовци, Скопско. Сопствени теренски истражувања од 30.9.1998 година во село Ајватовци.

24 За ова повеќе кај Филиповић 1939: 341.

25 Јеремија Павловиќ го опишува процесот на стрижење на овците, каде што, освен мажите што доаѓаат на помош за стриг, учествувале и жените на сточарите за веднаш по стрижењето да ја соберат волната во вреќи, која ја носеле дома каде што ја делеле по потреба. На ручекот учествувале сите домашни, и „може да има до 50 души“, по што се завршувало со веселба и пукање „преку трлото“. За ова повеќе во Павловић 1928: 83–85.

26 Светиева, при истражувањата на социјалната култура на велешкото село Ореше, констатира дека „заемната помош доаѓала до израз при градба на куќа“ (Светиева 2015: 34).

27 Соговорничка по потекло од Радишани (Скопско), мажена во Црешево (Скопско) во 1948 година. Сопствени теренски истражувања од 15.9.1998 година. При градењето на една куќа во село Булачани (Скопско), соседите им донесле коли со камења за градбата. Соговорничка родена во Булачани. Сопствени теренски истражувања од 15.9.1998 година во село Булачани.

28 Соговорничка од село Текија памети дека, при изградбата на нивната куќа во 1963 година, учествувале 15 „аргати“, нивни соселани, за кои по кревањето на чатијата соседите донесле

Љубанци (Скопско) кажува дека во селото се граделе куќи со помош на „аргати у зајам“. Тие помагале во градбата од копање на темелите до покривање на куќата со ќерамиди. Овој тип заемна помош опстојувал сѐ до крајот на 20 век, кога почнало да се ангажираат приватни претприемачи со модерна градежна механизација[29]. Заемна помош при градење куќа се сретнува и во современи услови, не само во селата туку и во градските средини[30]. Користењето на неплатен колективен труд за градење куќа, обезбеден од роднини, пријатели и колеги, бил широко распространет во Источна Европа во социјалистичкиот период. „Обезбедувањето на таква поддршка беше заеднички вид меѓусебна обврска (...) кога повеќето немаа алтернативи за изградба на куќа освен со неплатен колективен труд (...) во време кога недостигот на професионални ѕидари и други градежни работници беше постојана карактеристика на социјалистичката економија во Бугарија, Романија, Унгарија и Југославија“ (Tocheva 2022: 166). Точева забележала големи промени во однос на значењето на неплатената колективна работа за изградба на куќи од доцносоцијалистичката економија до пазарната економија, каде што овој вид труд, „како морална економска активност дефинирана во однос на меѓусебните обврски и очекувања, опадна“, но сепак форми на замност сѐ уште се присутни и покрај тоа што се зголемени пазарните трансакции од личен интерес (Tocheva 2022: 171).

Според традиционалната поделба на трудот по пол, жените биле задолжени за домашната работа во домаќинството и за традиционалното текстилно производство. Постоеле и женски здружувања за завршување домашни женски работи, но, за разлика од полските работи што се завршувале со заемна помош во кои учествувале и жените, женските рачни работи се организирале со помал број учесници поради ограничениот простор во куќите, а и поради обемот на работата, кој не бил во толкава мера да изискува голем број работници. Во македонските села често се сретнувало здружување на жени за заедничко правење црепни. Така, во селата на Скопска Црна Гора се собирале жени од исто маало и оделе прво да копаат земја, која потоа ја подготвувале со газење, што претставувало една од најтешките женски работи. Црепните се изработувале на празникот на светецот св. Еремија и, кога тие биле сосема готови, се делеле еднакво на сите што учествувале според бројот на куќи или според бројот на работнички. Во околината на Велес, кога за оваа работа се здружувале 5-6 жени и девојки, на шега самите се нарекувале „еснаф“. Во Прилеп, заморната работа на изработка црепни си ја олеснувале со посебна организација: се

---

15 пара чорапи и други подароци. „Аргатите“ помагале дури не се покрие куќата со ќерамиди, „секој со она што можел да сработи: некој ѕидал, некој ковал“. Сопствени терenски истражувања од 30.9.1998 година во село Текија.

29 Соговорник роден 1968 година во село Љубанци (Скопско). Сопствени теренски истражувања од септември 2023 година во Скопје.

30 При доградбата на кат на куќата наменет за неговиот син и снаа во 2007 година, повикале роднини и пријатели за помош при подигање на чатијата. По завршувањето на работата, сите биле почестени со ручек. При градбата, во сите фази работеле домаќините, како и роднините на сопругата. Соговорничка родена во 1980 година во Скопје, кустос етнолог во Музејот на град Скопје.

здружувале жените по маала и се делеле во две групи, „па додека едните работат, другите пеат и така на смена“ (Филиповић 1951: 114–115).

Женски здружувања за заедничка работа имало и при домашното текстилно производство. Во Охрид, во домаќинствата, кога се работел лен, се здружувале 5-10 жени сроднички да ја завршат работата без надомест, „туку заемно денес во една куќа, друг ден во друга“, додека не се сработи ленот на сите (Шапкарев 1976: 140). Во 19 век во Скопје цветало производството на свила, кое било во раце на жените. Во фаза на точење на свилата, по потреба се повикувале жени *шочарици* на помош[31]. Во скопското село Текија, жените соседки се викале *на йомоќ* кога се чешла волна (*на чешљанка*) и кога се преде волна (*на йрељка*). Работата се започнувала вечерта спроти сабота или спроти понеделник. Зависно од количината волна, ако работата траела до доцна во ноќта, домаќинката им спремала вечера од *зељанци* (пита со зелје) или *йойарница* (леб со урда и сирење)[32]. Во селото Горно Соње, наесен, по завршувањето на вршидбата, се собирале 5-6 жени да помогнат кај домаќинката што имала коноп за предење. Пределе навечер, „на месечина“, а домаќинката ги нагостувала со „сукано“ (пита). Работата секогаш била придружувана со песни[33].

Во рамките на обичајната помош спаѓа помошта при свадба и погреб. Обрембски, анализирајќи ја обичајната помош на свадба во Порече, истакнува дека таа „не се ограничува само и исклучиво на материјални давачки, туку станува збор за ритуалната, општествената и друштвената функција“ (Обремски 2002: 24). Учеството на роднините и соседите било многу важно уште во претсвадбените обреди, како на денот на давање збор (во Скопска Црна Гора), кога девојки од соседството учествувале во чинот на традиционалното променување на запросената девојка *заѓоворка*, па потоа каначите на свадба (*здравичарки* во Скопско, *зовачи* кај Мијаците), како и момчињата и девојките (*йобрашими и йосесшрими* кај Мијаците) што помагале за месење на погачата за канење, за плетење рогузина, плетење на невестинскиот венец, за носење дрва и спремање на куќата за свадба[34]. Во Скопска Црна Гора за подготовка на свадбената веселба соседите го средуваат дворот и носат столови и клупи, садови за ручекот, се одредува и главен готвач, помошници за служење, за миење садови и слично[35]. „На соседите им се доверува сѐ во куќата, и тие ги послужуваат гостите“ (Петровић 1907: 377). Ваква соседска помош се одржала во некои села сѐ до крајот на 20 век[36]. Во скопското село Горно Соње, сѐ до

---

31 Хаџи-Васиљевиќ забележал дека вообичаено било повиканите *шочарки* да се нагостат со ручек од *мрсна йийа* (Хаџи-Васиљевић 1930: 103).

32 Соговорничка родена 1923 година во с. Текија, Скопско. Сопствени теренски истражувања од 30.9.1998 година.

33 Соговорничка родена 1942 во Горно Соње. Сопствени теренски истражувања од септември 1998 година.

34 За ова повеќе кај: Наумова 1996: 209–210; Петровић 1907: 462–465; Петреска 2008: 94.

35 За ова повеќе види: Трифуноски 1994: 60.

36 Соговорничка родена 1942 година во Горно Соње. Сопствени теренски истражувања од септември 1998 година.

крајот на 20 век, свадбите се правеле во куќата на зетот. Од петокот пред свадбата жените од соседството и роднини доаѓале да сукаат баници, а во сабота се собирале соседите да донесат и да наместат маси и столови, да се подготват садови и да се постават масите.

Соседската солидарност се изразувала во сите фази на погребот, од копање на гробот, пренесување и закопување на покојникот. Неколку мажи од соседството го копале гробот истиот ден кога се вршел погребот[37]. Погребување на починатиот „земја на земја", без сандак, било вообичаено во минатото. Покојникот од домот бил изнесуван на носилка и носен на раце од четворица мажи, кои по патот биле заменувани од други, со што сите помагале и на тој начин му оддавале почит на покојникот[38]. Кога почнало погребување на покојниот во сандак, некој од селаните изработувал дрвен сандак без надомест. Од кажувањата на еден информатор дознаваме дека во селото Љубанци до втората половина на 20 век неговиот дедо изработувал сандаци за сите починати во селото. Селаните често го прашувале: *Кој тебе ќе ти кова сандук кога ќе умреш?*, на што тој им одговарал: *Треба да сме луѓе и за радост и за шкрбост*[39].

Во духот на силното заедништво на македонските селани се вбројува и доброволното обработување на црковните и на манастирските имоти. Вообичаено, помладите девојки и момчиња се собирале во недела или на празник и заеднички ја завршувале работата. За ова биле наградувани со храна од црквата, но јаделе одделно, прво девојките, па момчињата[40].

Како посебен ентитет, селската заедница функционирала и како обредно-религиозна заедница преку колективните селски обреди. Обредно-религиозните дејствија се изведувале од селската заедница во кризни моменти или со цел да се обезбеди поголем род, здравје на луѓето и стоката. Сите членови на селото учествувале во подготвување на селската слава, покрсти или при заштита од заразна болест. Одредена група од селската заедница учествувала во обредни поворки со маски, лазарки, додолки, со цел да ја заштитат целата селска заедница.

Од погоре кажаното може да се увиди дека функционирањето на заедничкиот труд како морална обврска да се обезбеди бесплатна работна сила, но и очекувањето да се врати на ист начин претставувале важна компонента на традиционалната култура.

Општествено-економските промени што настанаа во државата во периодот по Втората светска војна, индустријализацијата и модернизацијата,

37 Ристески го забележал процесот на копање гроб во Мариово каде што до 30-тите години на 20 век се погребувало без сандак, „па затоа луѓето што го копаат гробот оделе во близина на планината да искршат големи и широки камени плочи, со кои се формирал 'сќивурот' или 'ќивурот', односно внатрешниот дел на гробот" (Ристески 1999: 79–80).

38 За погребните обичаи види кај: Константинов 1992: 531; Наумова 1996: 214.

39 Соговорник роден 1968 година во село Љубанци. Сопствени теренски истражувања, септември 2023 година.

40 За ова види кај: Петровиќ 1907: 433; Филиповиќ 1939: 342; Шапкарев 1976: 141.

предизвикаа „коренити промени на селото и селанството, од кои најважни се масовното напуштање на селото и земјоделието и распаѓањето на (дотогашниот) традиционален начин на живот (Петреска 2008: 17). Миграциите село – град го забрзаа распаѓањето на родовските групи и поделбата на заедничкиот имот, како и создавањето на неолокални семејства. Миграциските семејства станаа база на индустриската работна сила во градовите. Од друга страна, модернизацијата и примената на нови земјоделски машини им овозможи на оние што останаа во селата самостојно да ги обработуваат своите поседи. Урбанизацијата и модернизацијата предизвикуваат промена на животот и на доселените и на оние што останаа да живеат во селата, особено со потенцирање на личната иницијатива и отуѓеноста. Но сепак, меѓусебната помош меѓу поблиските сродници и соседи сè уште е присутна и приспособена на потребите на современото живеење. Во текот на големите миграциски процеси село – град, на примерот на Скопје во 60-тите и 70-тите години на 20 век, добрососедските и роднинските односи доаѓале до израз при градењето куќи на доселениците[41]. Со заемна помош во градските домаќинства се подготвувала зимница. Најважен елемент на зимските резерви храна е ајварот, кој ги надополнува потребите од зеленчук во текот на зимата. Помошта од соседите била добредојдена при подготвувањето ајвар во есенските месеци, кога на заедничките тераси или во парковите и пред гаражите околу зградите соседите си помагале во лупење на пиперките. Истражувајќи ја самодоволноста (самоиздржувањето) на домаќинствата во постсоцијалистичка Македонија, Миладина Монова (Monova 2015) го истакнува правењето ајвар во современото домаќинство како стратегија на самодоволност и семејна автономија, на примерот од Прилеп и Скопје. Процесот на изработка на ајварот е напорен и одзема многу време, а опфаќа низа повторливи и физички задачи, кои може да се извршат со заедничка работа на тим „често заснован на заемна помош на соседите“ (Monova 2015: 78). Во Прилеп, каде што доминираат куќи со градини што ги олеснуваат активностите на домашната економија, правењето домашен ајвар е задржано дури и во едночлени домаќинства што „се поврзуваат со други за да споделат ресурси и труд“. Во Скопје, пак, традицијата на правење ајвар на импровизирани кујни на отворено со заемна помош од пријатели и соседи полека исчезнува. Причините за ова, според Монова, се недостигот на време на граѓаните, немањето доволно работна сила во малите домаќинства, како и простор за надворешна подготовка, поскапувањето на ресурсите и, најпосле, забраната за готвење ајвар на јавни површини донесена во 2008 година (Monova 2015: 91).

Заемната помош во современи услови се сретнува меѓу блиските сродници во секојдневниот живот (чување деца, престој, семејни свечености) и во кризни

41 При изградбата на куќата во населба Бутел, Скопје, која ја подигнал дедо му, по потекло од село Струпено (Мегленско), помагале сите браќа, синот и други роднини што живееле на истата улица. Тие заедно учествувале во изградбата на целата куќа, дури и сами правеле тули од глина, која ја копале на плацот од куќата. За тулите правеле дрвени калапи во кои се сушела тулата, па калапот се рушел, и потоа ги печеле на тој начин што ги ределе тулите како печка, меѓу нив ставале јаглен и дрвца, во средина оставале простор како оџак, а на страните лепеле кал. Соговорник роден 1986 година во Скопје. Сопствени теренски истражувања од август 2023 година.

животни ситуации, но, поради динамиката на градското живеење, најчесто луѓето бараат помош од оние соседи, пријатели со кои имаат секојдневна комуникација[42].

Традицијата на заемна помош денес се сретнува во модифицирана верзија и таа веќе не е ограничена на сроднички, пријателски и соседски врски. Секојдневни се примерите кога на медиумите и на социјалните мрежи се организира солидарна помош за сиромашни семејства, за итни операции и дарување крв, за обновување на опожарени куќи, но и за опремување на училишта итн.

Сето ова ни потврдува дека традиционално воспоставената заемна помош и солидарност сè уште трае и се јавува во видоизменета форма како во секојдневието така и во кризни моменти од животот.

**Литература**


Белчев, Толе. 2016. *Речник на турцизми, архаизми, дијалектизми и ретко употребувани зборови во македонскиот јазик. Електронски извор.* Штип: Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Филолошки факултет.

Влајинац, Милан З. 1929. *Моба и позајмица, народни обичаји удруженога рада.* Српски етнографски зборник 44. Друго одељење. Живот и обичаји народни 18. Београд: Српска краљевска академија.

Георгиевски, Ѕвездан. 2014. „Солидарност“. Портал „Окно“. 20.10.2014. https://okno.mk/node/41672

Диркем, Емил. 1972. О подели друштвеног рада. Београд: Просвета.

Константинов, Милош. 1992. *Македонци.* Народите на светот, кн. 6. Скопје: Маринг.

Наумова, Марика. 1996. „Обичаи околу раѓање, свадба и умирачка“. *Етнологија на Македонците*. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

Обрембски, Јозеф. 2002. *Македонски етносоциолошки студии. К*нига III. Редакција Танас Вражиновски. Скопје: Матица македонска – Прилеп: Институт за старословенска култура.

Павловић, Јеремија М. 1928. *Малешево и Малешевци (*са 109 слика и једном картом*):* Етнолошка испитивања Јеремије М. Павловића. Београд: Штампарија „Св. Сава“.

Петреска, Весна. 2008. *Етнографија на современиот семеен живот во македонското семејство. Посебни изданија, кн. 70. Скопје:* Институт за фолклор „Марко Цепенков“.

Петровић, Атанасије. 1907. *Народни живот и обичаји у Скопској Црној Гори.* Српски етнографски зборник 7. Београд: Српска краљевска академија.


42 За ова види: Петреска 2008: 31–32, 37.

Радић, Православ. 1990. „Српски дијалектолошки зборник“. Расправе и грађа XXXVI. Београд: Српска академија наука и уметности и Институт за српскохрватски језик, 1–74.

Ристески, Љупчо. 1999. *Посмртниот обреден комплекс во традициската култура на Мариово. Прилеп:* Институт за старословенска култура.

Светиева, Анета. 2015. „Социјалната култура на четири велешки села: Ореше, Теово, Горно Врановци и Мелница“. *Етнолог* 17. Скопје: Македонско етнолошко друштво, 26–41.

Стојановиќ, Лидија. 2012. „Визуелен фолклор: Однос помеѓу усното и визуелното сеќавање“. *Poznańskie Studia Slawistyczne* 2. Poznań: Adam Mickiewicz University Press, 279–312.

Тановић, Стеван. 1927. *Српски народни обичаји у Ђевђелиској Кази.* Српски етнографски зборник 40. Друго одељење. Живот и обичаји народни16. Београд – Земун: Српска краљевска академија.

Трифуноски, Јован. 1994. *Скопска Црна Гора: Чланци.* Београд: Цицеро.

Филиповић, Миленко С. 1939. *Обичаји и веровања у Скопској котлини.* Српски етнографски зборник 54. Друго одељење. Живот и обичаји народни 24. Београд: Српска краљевска академија.

Филиповић, Миленко С. 1951. *Женска керамика код балканских народа.* Посебна издања, књ. CLXXXI. Етнографски институт, књ. 2. Београд: Српска академија наука и уметности.

Хаџи-Васиљевић, Јован. 1930. *Скопље и његова околина:* историска, етнографска и културно-политичка излагања. Скопље: „Св. Сава“.

Цветановска, Јелена. 2010. „Институцијата село како суд во традициското народно право на Македонците“. *ЕтноАнтропоЗум* 8. Скопје: Институт за етнологија и антропологија, ПМФ, УКИМ, 160–178.

Шапкарев, Кузман А. 1976. *Избрани дела. Т*ом четврти. Обичаи, обреди, носии. Приредил д-р Томе Саздов. Скопје: Мисла.

Cash, J. 2015. „Economy as Ritual: The Problems of Paying in Wine“. *Economy and Ritual: Studies of Postsocialist Transformations.* S. Gudeman, C. Hann (eds.). New York: Berghahn Books, 31–51.

Iveković, Franjo, Broz, Ivan. 1901. *Riječnik hrvatskoga jezika*. Svezak I. A – O. Zagreb: Štamparija Karla Albrechta.

Monova, Miladina. 2015. „When the household meets the State: Ajvar cooking and householding in postsocialist Macedonia“. *Oikos and Market. Explorations in Self-Sufficiency after Socialism.* S. Gudeman, C. Hann (eds.). New York, Oxford: Berghahn, 77–100.

Rheubottom, D. 1971. *A Structural Analysis of Conflict and Cleavage in Macedonian Domestic Groups.* Unpublished Ph.D. Thesis. University of Rochester.

Tocheva, D. 2022. „Changing Mutuality: Building a House with Unpaid Labour in Bulgaria“. *Moral Economy at Work: Ethnographic Investigations in Eurasia*. Lale Yalcin-Heckmann (ed.). New York: Berghahn, 156–174.